РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 став 5 од од Деловникот на Собранието на Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 91/08, 119/10, 23/13 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 152/19) и член 23 став 4 од Законот за заштита на лични податоци (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18,) а во врска со член 10 став (2) алинеја 5 од Правилникот за Техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.38/09 и 158/10), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА, АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ КАКО И ЗА ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци во Собранието на Република Северна Македонија. (во натамошниот текст Собрание)

**Член 2**

Собранието врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во системот на начин со кој се гарантира постојана можност за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле пред да бидат изгубени или уништени.

**Член 3**

Овластеното лице администраторот на информацискиот систем еднаш неделно задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии за што писмено го известува офицерот за заштита на личните податоци и генералниот секретар.

**Член 4**

Сигурносните копии се чуваат надвор од просторијата во која се наоѓаат серверите и треба да се физички заштитени, заради оневозможување на каква било модификација.

**Член 5**

Сигурносните копии задолжително се прават секој работен ден, на крајот од работната седмица и секој последен работен ден во месецот. Сигурносните копии се чуваат надвор од објектот во кој се наоѓаат серверите или персоналните компјутери во кои се сместени збирките на лични податоци за кои се прави сигурносна копија.

Сигурносните копии кои се чуваат на друга оддалечена локација од местото каде е сместен информацискиот систем треба да бидат обезбедени со соодветни технички и организациски мерки, согласно документацијата за технички и организациски мерки. Меѓусебните права и обврски на контролорот и правното, односно физичкото лице каде се чуваат сигурносните

копии, се уредуваат со договор во писмена форма, кој задолжително ќе содржи технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 6**

Со денот на објавување на на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци бр. 01/5061/1 од 22.12.2016 година.
Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страна во Собранието на Република Северна Македонија.

Број 01-5621/1
Датум 22.12.2019

Генерален секретар на Собрание на Република Северна Македонија,

Цветанка Иванова

Изработил: Ј.Трпкова Ќурапова
Ц. Најдески
Согласен: М. Нецев
Контролирал: Д. Мојсоски